Funded by
UK Government

МЦМС>>
25 ГОДИНИ

МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА КОРУПЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА

2018 ГОДИНА

# Извештај за проценка на корупцијата во Македонија 2018 г.

Издавач:
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

За издавачот:
Александар Кржаловски, прв извршен директор
Гонце Јаковлеска, извршен директор

Автори:
Емина Нурединоска, Снежана Камиловска Трповска, Наташа Иваноска, МЦМС
Миша Поповиќ, Институт за демократија Социетас Цивилис- Скопје

Лектура:
Даниел Медароски

Дизајн:
Кома

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

343.352(497.7)"2018"(047.3)

ИЗВЕШТАЈ за проценка на корупцијата во Македонија [Електронски извор] : 2018 година / [автори Емина Нурединоска ... и др.]. - Скопје :
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), 2018

Начин на пристап (URL): https://www.mcms.mk. - Текст во PDF формат, содржи 48 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 10.04.2018. - Фусноти кон текстот. - Автори: Емина Нурединоска, Снежана Камиловска Трповска, Наташа Иваноска, Миша Поповиќ

ISBN 978-608-4848-03-5
1. Нурединоска, Емина [автор] 2. Камиловска Трповска, Снежана [автор] 3. Иваноска, Наташа [автор] 4. Поповиќ, Миша [автор]
а) Корупција - Македонија - 2018 - Извештаи COBISS.MK-ID 106899722

Контакт:
МЦМС, адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
тел.: +389/2/3065-381; факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk;
веб-страница: www.mcms.mk
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697;
SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk

---

Сите права се задржани. Репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk

Оваа публикација е подготвена во рамките на проектот „Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата“, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на британската влада.

# СОДРЖИНА

**I. ВОВЕД** ..... **9**

**II. МЕТОДОЛОГИЈА** ..... **11**

ИНДЕКСИ НА КОРУПЦИЈА ..... 12

**III. НИВО НА КОРУПЦИЈА** ..... **15**

1. КОРУПЦИЈАТА КАКО ОПШТЕСТВЕН ПРОБЛЕМ ..... 15

1.1. Фактори што влијаат врз распространетоста на корупцијата ..... 16

2. ИСКУСТВО СО КОРУПЦИЈАТА ..... 19

2.1. Пресуди поврзани со корупција ..... 19

2.2. Корупциски притисок и вклученост во корупција ..... 20

3. СТАВОВИ КОН КОРУПЦИЈАТА ..... 25

3.1. Свесност за корупција ..... 25

3.2. Прифатливост ..... 27

3.3. Подложност ..... 29

3.4. Практична ефикасност на корупцијата ..... 31

4. ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈА:
ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КОРУПЦИЈАТА ........................... 33

4.1. Веројатност за корупциски притисок ........................... 33

4.2. Распространетост на корупцијата (по професии) ........ 34

4.3. Корупција во државните институции
(ранливи сектори) ........................... 38

4.4. Изводливост на јавните политики
за борба против корупцијата ........................... 40

5. ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ........................... 42

**IV. ЗАКЛУЧОЦИ ........................... 45**

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АзА | Алијанса за Албанците |
| БЕСА | Движење БЕСА |
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО – Демократска партија за македонско национално единство |
| ГО | Граѓанска организација |
| ДКСК | Државна комисија за спречување корупција |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ЈО | Јавно обвинителство |
| МВР | Министерството за внатрешни работи |
| МЦМС | Македонски центар за меѓународна соработка |
| ОН | Обединети нации |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| СЈО | Специјално јавно обвинителство |
| ССК | Систем за следење на корупцијата |
| ЦСД | Центар за изучување на демократијата |

# ПРЕДГОВОР

Извештајот за процена на корупцијата претставува преглед на состојбата и динамиката на корупцијата во Република Македонија. Основата на овој извештај е Системот за следење на корупцијата (ССК) развиен од Центарот за изучување на демократијата (ЦИД) од Бугарија. ССК се заснова на различни извори на информации и ги комбинира квантитативните и квалитативните методи за следење и процена на корупцијата. Обединетите нации (ОН) го имаат признаено ССК како систем со најдобри практики за следење на корупцијата на национално ниво и е во согласност со пристапот за виктимизација на ОН за мерење на нивото на административна корупција.

Во овој извештај содржан е основниот сегмент на ССК, односно анализирани се податоците од анкетата со населението за перцепцијата и искуството со корупцијата во 2017 г., и за одредени прашања споредувани со секундарни податоци. Со ваквата анализа се дава одговор за нивото на корупција во Македонија. Преку седум индекси е презентирано актуелното искуство на граѓаните со корупцијата, за нивните ставови за корупцијата и за перцепциите за корупцијата. Во извештајот може да се најде одговор за повеќе прашања како што се: кои фактори влијаат на корупцијата, колкав е коруптивниот притисок, вклученоста во корупција, како и степенот на отпор кон корупција од страна на граѓаните. Потоа содржани се податоци за свесноста на јавноста за корупцијата и за прифатливост и подложност на корупција. На крај во извештајот се дава и преглед на перцепцијата на граѓаните за распор-

странетоста на корупцијата по сектори и професии, како и на перспективите и можностите за намалување и сузбивање на корупцијата.

Фокусот на извештајот е само на нивото на корупција, без посебен осврт на политиките за антикорупција, институционалните практики и спроведувањето на законите, улогата на судството во справувањето со корупцијата, влијанието на ефектите од коруптивните дела врз развојот на економијата и сл.

Извештајот е подготвен од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) со поддршка на локални и меѓународни експерти. Клучната придобивка за нас е учењето од искусни експерти во оваа област и можност да се разберат сите корелации кои ја создаваат целосната слика на корупцијата во една земја, во случајов во Македонија.

МЦМС го подготви Извештајот за процена на корупцијата во Македонија и ја издаде оваа публикација како дел од проектот „Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата", поддржан од Британската амбасада во Скопје.

Емина Нурединоска,
раководител на Одделението
за граѓанско општество и демократизација

# I.
# ВОВЕД

Во рамките на проектот „Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата", МЦМС го објавува „Извештајот за процена на корупцијата во Македонија". Извештајот е заснован на Системот за следење на корупцијата (ССК) кој за првпат беше спроведен во Македонија во 2001 година во рамките на споредбената анализа на корупцијата во Југоисточна Европа спроведена од страна на мрежата на граѓански организации „Лидерство за развој и интегритет во Југоисточна Европа" - СЕЛДИ (Southeast Leadership for Development and Integrity - SELDI). Обединетите нации (ОН) го имаат признаено ССК како систем со најдобри практики за следење на корупцијата на национално ниво. Тој е во согласност со пристапот за виктимизација на ОН за мерење на нивото на административна корупција, се заснова на различни извори на информации и ги комбинира квантитативните и квалитативните методи за следење и процена. МЦМС подготви извештај за процена на корупцијата во 2014 г. и во 2016 г., како дел од програмата на УСАИД за антикорупција.

Целта на овој извештај е врз основа на видувањата и искуството на граѓаните да се прикажат состојбите, динамиката и трендовите со корупцијата во Македонија, како и перспективата и потенцијалот за нејзино сузбивање.

Наодите од истражувањето укажуваат дека перцепцијата за корупцијата останува непроменета во однос на 2016г. и 2014 г., меѓутоа постои зголемување на корируптивниот притисок и вклученост на граѓаните во корупција. Македонската јавност не ја перципира корупцијата како еден од најглавните

проблеми во земјата и останува склона кон прифаќање на корупцијата како општествена норма. Постои влошување во скоро сите анализирани сегменти, односно граѓаните сè повеќе искусуваат коруптивен притисок, а со тоа и се вклучуваат во коруптивни активности. Иако значителен дел од граѓаните ја препознаваат корупцијата, тие се повеќе се толерантни и подложни на истата. Голем број професии се перципирани како висококорумпирани, а корупцијата е широко навлезена во голем број сектори и пред сè во оние кои се клучни за справување со корупцијата. Ова води и кон намален оптимизам дека постои политичка волја и подготвеност на иституциите за справување со корупцијата во Македонија.

Во овој извештај прикажан е описот на применетата методологија и е даден детален преглед за искуството, свесноста и перцепцијата на граѓаните за корупцијата. Исто така, презентирано е и видувањето за потенцијалот за справување со корупција, како и краток осврт на степенот на доверба на граѓаните во институциите одговорни за справување со корупцијата.

# II.
# МЕТОДОЛОГИЈА

Извештајот за процена на корупцијата се заснова на методологијата на Системот за следење на корупцијата (ССК), развиена од Центарот за изучување на демократијата (ЦСД) од Бугарија. Во извештајот се анализирани примарни податоци добиени од анкета со население. Теренска анкета е направена на репрезентативен примерок (во понатамошниот текс: анкета со населението) од 1.001 испитаник, спроведена од М-Проспект во периодот помеѓу 27 јануари и 7 февруари 2018 година. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони. Во рамките на примерокот, 50,4 % беа жени, а 49,6 % мажи, додека во однос на етничката застапеност, Македонците беа застапени со 71,6 %, а Албанците со 21,2 %, другите етнички групи беа застапени со 7,2 %. Во однос на местото на живеење, селската популација беше застапена со 39,1 %, додека градската со 60,9 %. Прашањата кои им беа поставени на испитаниците се однесуваа на нивните искуства со корупцијата во 2017 г.

Слика 1.
**Главни индикатори на Системот за следење на корупцијата**




Овој систем овозможува динамична споредба на добиените податоци од следењето во различни земји и различни временски периоди во однос на обемот, областите и формите на корупција. Истиот е сочинет од три групи индикатори кои даваат преглед на корупцијата формално групирани во седум индекси (опишани подетално во делот „Ниво на корупција").

## ИНДЕКСИ НА КОРУПЦИЈА

ССК дава систематски преглед на корупцијата во земјата преку седум индекси кои се направени врз основа на индикаторите за корупција. Седумте индекси се формираат од податоците добиени од истражувањето за перцепција и виктимизација спроведено на возрасна популација и се поделени во три групи:

1. **Актуелното искуство со корупцијата кое е сочинето од индексите притисок и вклученост;**
2. **Ставови за корупцијата кои се анализирани преку индексите свесност, прифаќање и подложност;** и
3. **Перцепции за корупцијата заснована на индексите веројатност за притисок и распространетост на корупцијата.**

Трите групи на индекси ја прикажуваат рамнотежата меѓу корупцијата и антикорупцијата во земјата. Искуството ги поттикнува перцепциите (повисокиот актуелен коруптивен притисок е поврзан со повисоки перцепции за распространетост на корупцијата) и ставовите (вклученоста може да го зголеми прифаќањето), а пак од друга страна ставовите (подложноста) може да го потврдат коруптивното искуство и перцепциите може да ги обликуваат ставовите.

**Слика 2.**

**Меѓусебна поврзаност на индикаторите за корупција**




Индексите за корупција во ССК може да имаат вредност од 0 (нема корупција), до 100 (апсолутна корупција). Но, толкувањето на вредноста се разликува во зависност од тоа дали ќе се земат предвид искуството и ставовите или перцепциите. Во индексите за искуство и ставови, секоја вредност над 5 веќе е показател на значаен корупциски проблем. Во индексите кои ја одразуваат перцепцијата, вредностите повисоки од 50 треба да се сметаат за сериозен корупциски проблем.

# III.
# НИВО НА КОРУПЦИЈА

Како што е опишано погоре во делот „Методологија“, податоците презентирани во овој извештај се примарни и се засновани на наодите на анкета со население.

## 1. КОРУПЦИЈАТА КАКО ОПШТЕСТВЕН ПРОБЛЕМ

Според граѓаните, корупцијата не е меѓу трите од 11 понудени опции за најголеми проблеми со кои се соочува земјата и е рангирана на петтото место, што е исто како и во 2016 г. и 2014 г. Невработеност, како и во претходните години, останува најголем проблем за македонските граѓани, а е следена од политичката нестабилност, ниските приходи и сиромаштијата.

**Табела 1. Македонија: клучни проблеми, 2014 г., 2016 г. и 2018 г. (процент од населението што ги идентификувало соодветните фактори како проблем)**

| | КАТЕГОРИЈА | 2018 | | КАТЕГОРИЈА | 2016 | | КАТЕГОРИЈА | 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Невработеност | 47,1% | 1 | Невработеност | 50,7% | 1 | Невработеност | 70,4% |
| 2 | Политичка нестабилност | 38,6% | 2 | Политичка нестабилност | 46,0% | 2 | Сиромаштија | 47,8% |
| 3 | Ниски приходи | 36,4% | 3 | Сиромаштија | 39,3% | 3 | Ниски приходи | 39,0% |
| 4 | Сиромаштија | 36,2% | 4 | Ниски приходи | 39,3% | 4 | Високи цени | 32,4% |
| 5 | Корупција | 28,4% | 5 | Корупција | 30,9% | 5 | Корупција | 27,8% |
| 6 | Високи цени | 25,8% | 6 | Високи цени | 23,2% | 6 | Политичка нестабилност | 18,6% |
| 7 | Криминал | 20,5% | 7 | Криминал | 17,4% | 7 | Криминал | 12,9% |
| 8 | Загадување на околината | 18,6% | 8 | Етнички проблеми | 12,3% | 8 | Етнички проблеми | 11,3% |
| 9 | Меѓуетнички проблеми | 13,2% | 9 | Загадување на околината | 9,6% | 9 | Здравствена заштита | 6,3% |
| 10 | Здравствената заштита | 10,6% | 10 | Здравствена заштита | 7,3% | 10 | Загадување на околината | 4,4% |
| 11 | Образование | 5,1% | 11 | Образование | 5,4% | 11 | Образование | 4,4% |

Не се забележуваат значителни разлики во рангирање на проблемите од страна на граѓаните во 2018 г. и во 2016 г. И во 2018 г. исто како во 2016 г., доминираат егзистенцијалните проблеми, како што се невработеноста, ниските приходи и сиромаштијата, а меѓу нив на високо второ место е рангирана политичката нестабилност. Имајќи го ова предвид, очекувано е корупцијата да биде следниот најголем проблем, иако петторангираното место може да води до погрешен заклучок или намалување на видувањето на проблемот ако се согледува изолирано од економската и политичката сосотјба во државата. Имено, во извештајот од 2016 г., во кој се анализира динамиката на корупцијата во 2015 г., политичката нестабилност го зазема виокото второ место, што веројатно е резултат на кризата предизвикана по парламентарните избори од јуни 2014 г. и обелоденувањето од страна на тогашнот лидер на опозицијата на прислушуваните разговори во февруари 2015 г. Ова е значително поразлично од шестото место за политичката нестабилност во 2014 г. и високи 20 процентни поени разлика споредено меѓу 2014 и 2018 година. За наодите од анкетата од 2018 година, карактеристичен е и порастот на криминалот како виден проблем од граѓаните од 12,9 % во 2014 г., на 20,5 % во 2018 г. Ако се земе во корелација со корупцијата и се разгледуваат двата проблеми како состојби кои имаат иста позадина и бараат поврзани мерки за нивно сузбивање, се доаѓа до заклучок дека сепак за граѓаните подеднакво голем проблем како и егзистенцијалните е токму борбата против корупцијата и органзиираниот кримина.

## 1.1. Фактори што влијаат врз распространетоста на корупцијата

За 76% од граѓаните неефикасноста на судскиот систем во борбата против корупцијата, недостатокот на строга административна контрола на корупцијата (74,2%) и желбата за брзо лично богатење на оние кои се на власт (73,9%) се водечки фактори за широкораспространетата корупција. Понатаму, за околу 70% од граѓаните преклопувањето на службените обврски и личните интереси и моралната криза која постои во општеството се следните фактори кои влијаат врз распространетоста на корупцијата. Мнозинство од граѓаните сметаат дека сите десет фактори (види на слика 3) влијаат врз распространетоста на корупцијата.

## Слика 3.
**Фактори што влијаат врз распространетоста на корупцијата во Македонија, 2018 г.**




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

Демографски гледано, постои разлика во перцепцијата колку одредени фактори влијаат врз распространетоста на корупцијата во Македонија. Она што е забележително е дека Македонците во повисок број сметаат дека девет од десет фактори (освен тоа дека платите на службениците во јавниот сектор се ниски) влијаат врз распространетоста на корупцијата за разлика од Албанците. Дополнително, симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ во повисок број го делат мислењето дека деветте фактори (освен тоа дека постојат проблеми со корупција, наследени од минатото) повеќе влијаат врз распространетоста на корупција во однос на симпатизерите на СДСМ. Симпатизерите на АзА во сите случаи во поголем број се согласуваат со тоа дека сите фактори влијаат врз распространетоста на корупцијата, додека пак симпатизерите на ДУИ во повеќето случаи за разлика од БЕСА во поголем број ги поддржуваат таквите тврдења.

Со тврдењето дека неефикасноста на судскиот систем во борбата против корупцијата е водечкиот фактор за широкораспространетата корупција се согласуваат 82,6% од Македонците наспроти 49,5% од Албанците. Таквото мислење во поголем број (над 80%) го делат симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, за разлика од на пример 63,9% од симпатизерите на ДУИ. Интересно за истакнување е што симпатизерите на СДСМ (60%) и ДУИ (63%) кои го сочинуваат парламентарното мнозинство и се чинители на актуелната влада, во значително понизок број наспроти големото мнозинство од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (90,2%) сметаат дека кон корупцијата придонесува желбата за брзо лично богатење на оние кои се на власт. Високо мнозинство од граѓаните, или 86,6%, процената за распространетоста на корупцијата во Македонија ја базираат на информации од други извори, а помалку од лично искуство. Така, скоро секој десетти испитаник (11,7%) своето видување за корупцијата го темели на сопственото искуство, за разлика од 2016 г. кога секој седми испитаник своето видување го засновал на сопствено искуство. Најголем дел од граѓаните (38,5%) мислењето за распространетоста на корупцијата го градат врз основа на информации од медиумите и овој процент е зголемен во однос на 2016 г. кога изнесувал 30,6%. Околу третина (32,2%) од испитаниците процената за распространетоста на корупцијата во Македонија главно ја формираат врз основа на разговорите со роднини и луѓе што ги познаваат.

**Слика 4.**

**Извори на информирање за корупцијата:** ***Вашата процена за распространетоста на корупцијата се формира најмногу врз база на...***




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

# 2. ИСКУСТВО СО КОРУПЦИЈАТА

Првата група индикатори кои го одразуваат искуството со корупцијата анализираат три аспекти. Прво, потребно е да се добијат (секундарни) статистички податоци за бројот на пресуди за дела од корупцијата кои потоа би можеле да се споредат со наодите од анкетата со населението, а се однесуваат на коруптивниот притисок и на вклученоста во корупција. Впрочем, коруптивниот притисок и вклученоста во корупција се двата индекси кои даваат целосна слика за актуелното искуство со корупцијата.

## 2.1. Пресуди поврзани со корупција

Податоците од Државниот завод за статистика укажуваат на тоа дека бројот на лица прогласени за виновни за злоупотреба на службената положба во Република Македонија се движи во рамките од 75 лица во 2011 г., до 193 во 2014 година. Забележителен е променлив тренд - помеѓу 2007 и 2009 година бројот на лица прогласени за виновни за злоупотреба на службената положба се движел помеѓу 106 и 127, во наредните четири години (2010–2013 г.) просекот бил по 90 осудени лица, а особено е зголемен бројот во 2014 г., за да има потоа тренд на намалување на бројот на обвинети лица и да достигне 140 во 2016 г.

**Слика 5.**

**Број на лица прогласени за виновни за злоупотреба на службената положба (2007-2016)**




Извор: Државен завод за статистика

Бројот на лица осудени за давање или примање поткуп е многу мал. Забележителен е тренд на намалување на бројот на овие лица, додека во првите пет години (2007-2011 г.) просечниот број на осудени лица е 19, во следните пет години просекот изнесува 12 лица.

Слика 6.

**Број на лица прогласени за виновни за поткуп (примање и давање поткуп)**




Извор: Државен завод за статистика

## 2.2. Коруптивен притисок и вклученост во корупција

За разбирање на динамиката на корупцијата, Системот на следење на корупција го користи коруптивниот притисок, или потенцијалната корупција, односно колку луѓе се поткупливи доколку тоа им е побарано од службени лица. Овој индекс се мери според контактите со службените лица и барањето од нивна страна да им се даде одредена сума пари, подарок или да се направи услуга. Притисокот е придружен со јасно барање (експлицитно барање) или сигнали (преку клучни изрази или знаци) дека службеното лице очекува нешто за возврат.

Слично како и во минатиот бран на истражувањето, коруптивниот притисок и оваа година бележи зголемување. Истражувањето од 2018 г. покажува дека 36,3% од полнолетните граѓани биле изложени на коруптивен притисок, што е зголемување од 5,8 процентни поени споредбено со 2016 г. Ако за 2018 година може да кажеме дека има зголемување на коруптивниот притисок, вклученоста на граѓаните во административната корупција е слична како во мерењето во 2016 година, односно во 2018 г. 31,4% од граѓаните биле вклучени во корупција.

Разликата помеѓу притисокот и вклученоста во 2018 г. бележи зголемување, што сугерира зголемување на отпорот кон корупцијата. Од оние што искусиле притисок за корупција, (19,3%)не дале поткуп.

**Слика 7.**

**Корупциски притисок и влученост во корупција**




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

Демографската анализа и во 2018 г. покажува разлики во изложеноста на корупција според етнички групи. Од оние што имале контакт со администрацијата, 81,3% од Албанците искусиле притисок од корупција, наспроти 53% од Македонците. Анализата покажува дека Албанците имаат 3,8 пати повеќе шанси да бидат изложени на притисок од корупција, за разлика од Македонците.

Според тоа, Албанците во поголем обем биле вклучени во корупцијата. Од оние со контакт со администрацијата, 74,5% се вклучиле во корупција, а истото е случај кај 47% од Македонците.

За да се претстави забележаната корупција во популациски размери, направени се проекции со големината на населението во Македонија.

**Табела 2. Проекции на притисок и вклученост во корупција**

| | АНКЕТЕН РЕЗУЛТАТ | БРОЈ НА НАСЕЛЕНИЕТО (ПРОЕКЦИЈА) |
|---|---|---|
| Притисок | 36,3% | 600.830 |
| Вклученост | 31,4% | 519.727 |

Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018 и Проекции на населението за 2016 г. на Државниот завод за статистика: пресметковна база од 1.655.180 полнолетно население

Оваа проекција покажува дека значителен број од населението има искуство со корупција, односно на повеќе од шестотини илјади граѓани им бил побаран поткуп барем еднаш, а повеќе од половина милион од граѓаните поткупиле барем еднаш изминатата година. Ваквите проекции на илустративен начин ја покажуваат раширеноста на административната корупција.

Во однос на вклученоста во корупцијата, ако претпоставиме дека се работи за поединечни случаи, зборуваме за потенцијално минимум 519.727 сторени дела. Ако го споредиме тоа со збирот на обвинети лица во 2016 година за злоупотреба на службена должност и поткупување (145), добиваме стапка на ефикасност на институциите од 0,03%, односно толкав е процентот на случаи кои се обработуваат наспроти оние кои претпоставуваме дека се случуваат.

Анализата на вклученоста според тоа дали имало коруптивен притисок или не, бележи зголемување споредбено со 2014 г., односно 2016 година. Зголемување од 19% на 22,9%, односно 27,3% во 2018 година, има кај дадената корупција со притисок. Во делот на бројот на граѓани кои учествувале во коруптивна трансакција без да им биде побаран поткуп, евидентен е мал пад во однос на 2016 година кога било 3,9%, за да биде во 2018 година 3,3%, што е сè уште повисок процент од оној во 2014 година кога изнесувал 1,84%.

**Слика 8.**

**Вклученост во корупција со или без корупциски притисок**




Извор: Систем за следење на корупцијата

За да се одреди динамиката на административната корупција, важно е да се согледа и интензитетот на интеракција на граѓаните со администрацијата и со тоа да се утврди коруптивниот притисок. Во однос на 2016 г. бројот на граѓани во контакт со администрацијата е сличен, односно изнесува 36,1%.

Во изминатата година, 8% од граѓаните се соочиле со директно барање поткуп во повеќето случаи на контакт со администрацијата, а за 16,4% од граѓаните имало индиректно барање поткуп. За 17,8% од граѓаните директното барање поткуп се случило во изолирани случаи, а за 18,9% од граѓаните во изолирани случаи имало сугестија дека административците имале такви очекувања.

**Табела 3. Интензитет на корупциски притисок**

| КОЛКУ ЧЕСТО? | ДИРЕКНО ПОБАРАЛЕ ПАРИ, ПОДАРОК ИЛИ УСЛУГА | НЕ ПОБАРАЛЕ ДИРЕКНО, НО ПОКАЖАЛЕ ДЕКА ОЧЕКУВААТ ПАРИ, ПОДАРОК ИЛИ УСЛУГА |
|---|---|---|
| Во сите случаи | 0,7% | 2,9% |
| Во повеќето случаи | 7,3% | 13,5% |
| Во изолирани случаи | 17,8% | 18,9% |
| Во ниту еден случај | 35,5% | 26,5% |
| Немав контакти во последната година | 36,1% | 36,1% |
| Не знае/Нема дговор | 2,7% | 2,2% |

Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

Етнички гледано, Албанците во поголем број во однос на Македонците морале да дадат пари, подарок или противуслуга кога имале контакти со службени лица во јавниот сектор (види во табелата 4).

**Табела 4.** **Искуство со корупцијата, вкрстено по етничка припадност**

| | | НАЦИОНАЛЕН ПРОСЕК | АЛБАНЦИ | МАКЕДОНЦИ |
|---|---|---|---|---|
| ДА МУ ДАДЕ ГОТОВИНА (ПАРИ) НА СЛУЖБЕНИКОТ | Во сите случаи | 2,8 | 6,2% | 1,4% |
| | Во повеќето случаи | 7,8 | 20,9% | 4,1% |
| | Во изолирани случаи | 17,0 | 17,8% | 16,9% |
| | Во ниту еден случај | 66,7 | 41,9% | 74,1% |
| | Не знае/Нема Одговор | 5,6 | 13,2% | 3,5% |
| ДА МУ ДАДЕ ПОДАРОК НА СЛУЖБЕНИКОТ | Во сите случаи | 1,6 | 5,4% | 0,6% |
| | Во повеќето случаи | 14,8 | 28,7% | 10,7% |
| | Во изолирани случаи | 25,6 | 21,7% | 26,5% |
| | Во ниту еден случај | 54,1 | 38,0% | 58,6% |
| | Не знае/Нема Одговор | 3,9 | 6,2% | 3,5% |
| ДА МУ НАПРАВИ УСЛУГА НА СЛУЖБЕНИКОТ | Во сите случаи | 2,0 | 3,1% | 1,9% |
| | Во повеќето случаи | 10,0 | 15,5% | 8,2% |
| | Во изолирани случаи | 22,3 | 27,1% | 20,8% |
| | Во ниту еден случај | 61,9 | 48,1% | 65,8% |
| | Не знае/Нема Одговор | 3,8 | 6,2% | 3,3% |

Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

Граѓаните во Македонија многу ретко ги пријавуваат случаите кога од нив е побарано нешто со цел да решат некој свој проблем. Од испитаниците кои рекле дека се соочиле со корупција 89,8 % одговорил дека не го пријавиле случајот на некоја институција која е задолжена за жалби (како во самата институција, полицијата, ДКСК или некоја граѓанска организација). Додека 10,2% го пријавиле случајот во некоја од институциите, и тоа најголем дел пријавиле во институ-

цијата во која службеникот побарал подарок, пари или сл. За разлика од 2016 година кога 83,5% од граѓаните не го пријавиле случајот, сега е евидентно дека граѓаните ја зголемиле недовербата кон институциите и уште помал е бројот на пријавени можни коруптивни дејствија.

**Слика 9.**

**Колку граѓаните ја пријавуваат корупција до надлежни институции**




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

## 3. СТАВОВИ КОН КОРУПЦИЈАТА

Трите главни ставови потребни да се разбере динамиката на коруптивното однесување се:свесноста за коруптивното однесување и колку добро граѓаните разбираат и препознаваат што е корупција, потоа прифатливоста, односно толерантноста кон корупцијата и подложноста на корупција.

### 3.1. Свесност за корупција

Податоците покажуваат дека граѓаните имаат високо ниво на свесност и затоа се веродостоен извор за изведување заклучоци од анкетите на населението. Слично како и во 2016 г., високи 69,2% се свесни за коруптивното однесување, 28,1% имаат средно ниво на свесност, додека 2,7% имаат ниско ниво.

**Слика 10.**

**Свесност (идентификација) за корупциски практики**




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

Граѓаните не го препознаваат само поткупот даден во пари, туку препознаваат и други посложени форми на корупција, како непотизам, клиентелизам итн. Така, на прашањето кои од следниве активности се примери за корупција во сите наведени ситуации, мнозинство од граѓаните истите ги препознаваат како корупција. Мнозинството се движи од 63,4% до многу високи 94,2%. И во 2018 г. најпрепознатливо е давањето пари на полициски службеник за да не се одземе возачка дозвола, потоа примањето пари од страна на државен службеник за да одобри даночно затајување и давањето пари или услуга на административен службеник за да се победи на некој повик, концесија или јавна набавка. Тоа што е забележливо е дека граѓаните многу полесно препознаваат корупција кога има размена на пари, отколку кога се работи за корупција остварена преку врски, размена на влијание или злоупотреба на службена положба. Меѓутоа, и покрај мнозинството граѓани кои ги препознаваат сите наведени активности како корупција, останува за забележување дека дури третина од нив сметаат дека не е корупција ако се даде подарок на лекар за да обрне повеќе внимание (33,2%), ниту личното контактирање со член на општински совет со цел да се обезбеди дозвола за градба (29%), користење „врски" за добивање конкретна јавна услуга која ви следува со закон (25%).

Слика 11.

**Свесност за препознавање на корупцијата во различни секојдневни практики**




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

## 3.2. Прифатливост

Граѓаните се поделени на половина во однос на прифатливоста на корупцијата. Во споредба со 2016 година, за 3 процентни поени е зголемена прифатливоста од 47% на 50% во 2018 година. Индексот го покажува степенот до кој коруптивните практики или корупцијата се толерираат во рамките на вредносниот систем на општеството. Треба да се напомене дека неодобрување на корупцијата од страна на граѓаните расте ако корупцијата вклучува пари. Трендот на зголемување на прифатливоста на корупцијата се забележува и во 2018 г., што е во согласност со мислењето на граѓаните дека корупцијата не е на пиедесталот на општествените проблем.

**Слика 12.**

**Прифаќање корупција**




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

Албанците се потолерантни за корупцијата отколку Македонците. Анализата покажува дека 70,3% од Албанците гледаат на корупцијата како прифатливо однесување, додека тоа е случај кај 44,8% од Македонците. Во однос на 2016 година, се забележува поголем раст на прифаќањето на корупцијата кај Македонците, кој тогаш изнесувал 38%. Шансите корупцијата да биде прифатлива се 3,4 пати поголеми кај Албанците. Од друга страна, секое зголемување на приходите кај граѓаните за 20% ги зголемува шансите корупцијата да биде прифатлива. Испитаниците кои се симпатизери на СДСМ во поголем обем (52,3%) прифаќаат корупција од оние на ВМРО-ДПМНЕ (45,7%).

За мал број граѓани прифатливо е да се има контакт со пратениците од Собранието и со членовите на Владата, со цел да се реши личен проблем. Граѓаните се најстроги кога станува збор за примање пари за решавање личен проблем, па така 72,2% или за 5,9 процентни поени повеќе од 2016 г. сметаат дека тоа не е воопшто прифатливо. Прифаќањето подарок или услуга воопшто не е прифатливо за речиси половина од граѓаните. Од друга страна, слично како и во 2016 г., 21% од граѓаните сметаат дека пратениците и министрите може да прифатат бесплатен ручек/ вечера со цел да се реши нечиј проблем.

Тоа што загрижува и за што треба да се поведе повеќе внимание во иднина е поголемата толеранција, односно прифатливост на корупцијата од страна на младите на возраст од 18 до 29 години споредбено со другите возрасти. Имено, за 64,2% од младите на возраст од 18 до 29 години е неприфатливо да се дадат пари за да се реши некој проблем, што е за високи 9,6 процентни поени помалку од просечната неприфатливост на другото население (73,8%). Различно од младите, повозрасните, односно оние кои се на возраст од 60 до 69 години, се многу

понетолерантни во однос на корупцијата (високи 83,2%). Интересен е податокот дека давањето подарок на доктор за тој/таа да ви обрне особено внимание, како што населението е повозрасно, така се зголемува и толерантноста кон овој коруптивен чин. Па така, кај населението помеѓу 18 и 29 години високи 71,0% го сметаат ова за корупција, за тој процент да падне на 52,4% кај лица постари од 65 години.

Доколку се направи проекција според последната процена на населението, за 827.590 граѓани во Македонија корупцијата е прифатлив начин на однесување. Големината на оваа бројка претставува значаен проблем во развојот на антикорупциски политики, бидејќи коруптивното однесување може лесно да се експлоатира од политички или бизнис-фактори. Меѓутоа, истовремено оваа бројка е и знак за досегашниот неуспех на превентивните антикорупциски политики, кои не вродуваат со плод и низ годините бележиме постојано зголемување на прифаќање корупција.

## 3.3. Подложност

Индексот за подложност ја мери склоноста на граѓаните да ги компромитираат нивните вредности под притисок на околностите, односно кога се соочени со реални животни ситуации, кои бараат од нив да донесат одлука дали да користат корупција или не, знаејќи дека ќе има непосредни последици за оној кој ја донел одлуката.

Слика 13.

**Подложност на корупција**




Извор: СЕЛДИ - Систем за следење на корупцијата, 2018

Овој индекс е збир на две прашања, ситуација во која од граѓаните би било побарано да платат одреден надомест во пари, да дадат подарок или услуга за да решат проблем и второто, хипотетичка ситуација кога испитаникот се става во позиција на слабо платен службеник и неговото однесување во однос на пону-

дени пари, подарок или услуга. Намалувањето на подложноста може да се очекува кога се зголемуваат приходите и се стабилизира целокупната економска ситуација. Како и во минатите години, голем број граѓани (45%) се подложни на корупција, а дополнителни 25% имаат мешано однесување. Само 30% од граѓаните не се подложни на корупција. Оваа состојба е слична со 2016 година и не се забележуваат значајни промени.

**Слика 14.**

**Подложност на примање поткуп**

Замислете се себеси како слабо платен службеник на кого некој му понудил готовина, подарок или услуга за да му го реши проблемот. Што би направиле вие:




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

Подложноста на давање поткуп за да се реши некој личен или семеен проблем останува речиси на исто ниво како во 2016 г. Па така 35,7% (34,9% во 2016 г.) од граѓаните изразиле цврсти, непопустливи ставови кон корупција. Од друга страна, 16% (16,1% во 2016 г.) би платиле доколку се во можност за да си го решат проблемот, а 39,9% (42,6% во 2016 г,) преферираат да го решат проблемот на друг начин.

Слика 15.

**Подложност на давање поткуп**

Доколку би имале голем проблем и некој службеник
директно би ви побарал пари за да го реши, што би сториле вие?




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

Гледано според приходите, граѓаните со приходи до 15.000 денари се најмалку подложни на корупција, додека оние со приходи над 30.000 денари се најмногу подложни на корупција. Секое зголемување на приходите за 30% ја зголемува шансата граѓаните да бидат подложни на корупција. Само 15,3% од граѓаните Албанци не се подлежни на корупција, додека истото е случај со 35,5% од Македонците. Албанците имаат 3,4 пати поголема шанса да бидат подложни на корупција отколку Македонците. Кај симпатизерите на СДСМ 48,1% се подложни на корупција, додека е истото е случај кај 40,1% од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ. Генерациите над 60 години се најмалку подложни на корупција.

Проекцијата на процентите врз возрасното население на Македонија покажува дека 496.554 од граѓаните не се подложни на корупција. Во овој момент тоа значи ограничен извор на отпор кон обидите за заобиколување на правилата, а со тоа и ограничен човечки потенцијал за колективно спротивставување на корупцијата. Резултатот покажува дека ќе биде потребно време додека да се стигне до поголема критична маса која ќе може да ги дополни редовите во администрацијата, политиката и бизнисот потребни за успешно спротивставување на корупцијата.

## 3.4. Практична ефикасност на корупцијата

За анализа на состојбите и пред сè динамиката на корупцијата битно е да се провери и разбирањето дали граѓаните ја гледаат корупцијата како ефикасно решение на нивните проблеми, односно дали корупцијата „се исплаќа".

Мнозинство од граѓаните веруваат дека има потреба да се дадат пари, подарок или да се направи противуслуга со цел да се реши нивни проблем. Давањето подарок (76,4%) е најверојатна постапка којашто граѓаните веруваат дека едно лице треба да ја направи за да го реши проблемот, пред услугата (71,4%) или парите (65,9%). Споредбено со 2016 г., забележано е зголемување на склоноста на граѓаните да даваат поткуп.

Ако се анализира еден од овие облици на корупција, на пример давањето пари, се забележуваат одредени разлики, особено во однос на возраста и во однос на етничката припадност. Така, и во овој случај, младите, особено оние на возраст од 18 до 29 години, полесно би се одлучиле да дадат поткуп (6,7% ), за разлика од возрасните над 65 години (2,7%). Во однос на етничката припадност, Албанците полесно се одлучуваат за давање поткуп, споредбено со Македонците. Имено, 9,4% од Албанците рекле дека би платиле по секоја цена или во секој случај за да им се реши некој проблем, за разлика од 3,1% од Македонците кои би го направиле истото.

**Слика 16.**

**Веројатност за вклучување во корупција**




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

За разлика од ниското ниво на волја да се пријави корупција доколку имало притисок, во состојба во која граѓаните би биле јавни службеници, тие во поголем обем би ја пријавиле корупцијата, односно речиси половина од граѓаните (45,8%) би пријавиле корупција. Индикативно е што овој процент е намален во однос на 2016 година кога тој бил 49,9%.

**Слика 17.**

**Подготвеност за пријавување корупција:** ***Замислете се себеси како државен службеник во јавна институција кој се сомнева или знае дека постоело, постои или ќе постои одредено коруптивно однесување во рамките на институцијата. Дали ќе го пријавите?***




# 4. ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈА: ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Третата група индикатори се однесува на перцепцијата за корупцијата и е заснована на индексите за веројатноста за коруптивен притисок и распространетост на корупцијата. Во овој дел како трет идникатор за добивање целосна слика за перцепцијата е посветен на ранливоста на различните сектори. Наедно, преку оваа група индикатори се проектираат и перспективите за можното справување со корупцијата во иднина. Така, напорите за спречување на корупцијата може да се мерат преку анализа на коруптивноста на различни државни институции, и тоа од аспект на перцепција на граѓаните и како извор на притисок, но исто така и преку потенцијалниот притисок за корупција и преку процена на изводливоста на јавните политики за борба против корупцијата.

## 4.1. Веројатност за коруптивен притисок

Најголем дел од граѓаните сметаат дека коруптивниот притисок ќе продолжи да постои и во иднина. Во 2018 година 87% од граѓаните сметаат дека постои веројатност или голема веројатност за корупциски притисок, наспроти мал дел (13%) од граѓаните кои сметаат дека изложеноста на корупциски притисок ќе

биде мала, односно дека воопшто не постои. Ова е значително зголемување во перцепцијата за постоење корупциски притисок во однос на 2016 година кога овој соодност бил 75% наспроти 25%.

**Слика 18.**

**Перцепции за веројатноста за корупцискиот притисок (%)**




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

Вкрстената анализа покажува дека не постојат статистички значајни разлики според ниту една демографска карактеристика на населението. Високиот процент на согласност дека во интеракција со администрацијата постои веројатност за притисок од корупција резултира со тоа дека таквата согласност е распространета на сличен начин низ различните групи. И покрај различната изложеност на корупцијата или нејзината прифатливост на пример помеѓу етничките групи, политичките симпатизери или генерациите, има консензус за нејзината широка распространетост.

Проблемот со ваквата состојба не е само во сигналот што граѓаните го испраќаат за нивната перцепција дека корупцијата е сеприсутна, туку и во ефектот што тоа го предизвикува. Имајќи ја предвид оваа перцепција, но и високата изразеност на подложноста и толеранцијата на корупција, станува евидентно дека за граѓаните корупцијата е „единствената игра во градот“ и граѓаните го прилагодуваат своето однесување. Од ваквиот маѓепсан круг тешко се излегува.

## 4.2. Распространетост на корупцијата (по професии)

Мислењето на граѓаните дека корупцијата е во голема мера навлезена меѓу службените лица и во јавната администрација не е сменето во однос на 2016 г. На речиси исто ниво како и во 2016 г. (околу 62%) е мислењето на граѓаните дека службените лица се вмешани во корупција. Зголемен е бројот на оние кои сметаат дека сите се вмешани, односно од 16,7% во 2016 г. на 18,2% во 2018 г., додека пак за околу 4 процентни поени се намалил бројот на оние кои сметаат дека

најголем дел од службениците се вмешани во корупција. Само 3,3% од граѓаните мислат дека ретко кое службено лице е вмешано.

**Слика 19.**

**Перцепција на граѓаните за распространетоста на корупцијата меѓу државните службеници**




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

Перцепција за распространетоста на корупцијата во Македонија се разликува значително во зависност од етничката припадност. Така, 30,7% од Албанците сметаат дека скоро сите се вклучени, а 42% сметаат дека повеќето се вклучени. Со ова над 70% од Албанците смета дека корупцијата е широко распространета меѓу службените лица. Кај Македонците тој процент е понизок и изнесува 58,4%, од кои 14,9% сметаат дека сите се вклучени, а 43,5% дека повеќето се вклучени во корупција. Ова е и во корелација со значително поголемиот притисок и поголемата подложност на корупција која ја имаат Албанците, за разлика од Македонците. Симпатизерите на СДСМ во значително помал број (55,3%), во однос на другите партии, имаат перцепција за распространетост на корупцијата меѓу службените лица. За разлика од нив, таква перцепција имаат најголем дел од симпатизерите на БЕСА, на ВМРО- ДПМНЕ и на ДУИ (во распон од 60 до 80 проценти).

Тројца од четири граѓани сметаат дека судиите и јавните обвинители се најкорумпирани. Покрај нив, големо мнозинство од граѓаните (над 65% ) смета дека пратениците, министрите, лидерите на политичките партии и локалните лидери се најкорумпирани професии, а исто така мнозинството (околу 60%) сметаат дека корупцијата е навлезена и меѓу градоначалниците, адвокатите и цариниците.

За претставниците на граѓанските организации, банкарите и наставниците од сите наведени 23 професии или групи, помалку од 40% од граѓаните сметаат дека се корумпирани. Најмалку граѓани (20,7%) сметаат дека корупцијата е навлезена помеѓу наставниците.

**Слика 20.**

**Перцепција на граѓаните за распространетост на корупцијата во професиите**




| | Речиси секој е вмешан | Повеќето се вмешани | Неколку се вмешани | Ретко кој е вмешан | Не знам/Нема одговор |
|---|---|---|---|---|---|
| Судии | 33,9 | 42,9 | 17,7 | 2,9 | 2,7 |
| Јавни обвинители | 26,0 | 45,8 | 18,9 | 2,5 | 6,9 |
| Министри | 33,3 | 33,2 | 25,4 | 4,8 | 3,4 |
| Лидери на политичките партии и коалиции | 29,0 | 37,0 | 23,8 | 4,7 | 5,6 |
| Локални политички лидери | 28,9 | 37,0 | 25,3 | 3,1 | 5,8 |
| Пратеници во Собранието | 25,3 | 40,2 | 26,6 | 3,7 | 4,3 |
| Цариници | 26,3 | 38,7 | 22,5 | 5,0 | 7,6 |
| Градоналачници | 32,6 | 31,4 | 26,0 | 4,6 | 5,5 |
| Адвокати | 22,4 | 40,7 | 26,1 | 5,2 | 5,7 |
| Даночни инспектори | 19,5 | 39,3 | 26,6 | 5,9 | 8,8 |
| Истражител (лице што ја врши истражната постапка) | 19,8 | 39,0 | 25,2 | 4,6 | 11,5 |
| Бизнисмени | 15,1 | 43,0 | 28,6 | 6,3 | 7,1 |
| Службеници во министерствата | 13,9 | 41,5 | 35,0 | 5,4 | 4,3 |
| Полициски службеници | 18,5 | 35,4 | 36,4 | 6,7 | 3,1 |
| Лекари | 10,7 | 42,2 | 38,9 | 6,0 | 2,3 |
| Административни службеници во судскиот систем | 12,5 | 37,6 | 34,1 | 10,0 | 5,9 |
| Новинари | 9,2 | 40,9 | 31,3 | 11,1 | 7,6 |
| Универзитетски службеници или професори | 8,6 | 40,9 | 36,1 | 7,3 | 7,2 |
| Членови на советите во општините | 15,7 | 31,8 | 32,6 | 8,4 | 11,6 |
| Службеници во општините | 10,4 | 33,6 | 38,7 | 10,8 | 6,6 |
| Претставници на граѓанските организации | 9,6 | 26,4 | 31,3 | 17,2 | 15,6 |
| Банкари | 5,9 | 24,2 | 33,5 | 21,9 | 14,6 |
| Наставници | 4,8 | 15,9 | 38,8 | 34,4 | 6,2 |

Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

Со години наназад одредени професии се перципирани како најкорумпирани. Така од 2001 до 2018 г. забележително е континуирано зголемување на перцепцијата за корумпираност на судиите и на јавните обвинители.

**Слика 21.**

**Перцепција за корумпираноста на професиите – *најкорумпирани***




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

И покрај перцепцијата за широко распространета корупција во одредени професии, од сликата 21 може да се забележи намалување во перцепцијата за корумпираноста на најголем дел (11) од професиите споредбено со 2016 г. Најголемо намалување на перцепцијата за корумпираност е забележано кај банкарите (-0,23), кај службеници во општините (-0,27) и кај претставниците од граѓанските организации и наставниците (-0,14).

Слика 22.

**Перцепепции за корумпираноста на јавните службеници – промени во перцепцијата помеѓу 2016 и 2018 г.**




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

## 4.3. Корупција во државните институции (ранливи сектори)

Перцепцијата на граѓаните вели дека корупцијата е најраспространета во судовите, во царината, во Министерството за здравство и во обвинителството. Имено, на скалата од еден до пет, каде што еден значи воопшто нема корупција, а пет значи распространетост на корупцијата од највисоко ниво, 74,4% од граѓаните дале највисоки оценки (четири и пет) за распространетост на корупцијата во судовите, 68,1% за распространетост на корупцијата во Министерството за

здравство и над 60% сметаат дека корупцијата е распространета во царината и во обвинителството. Повеќе од половина (56,5%) од граѓаните дале највисоки оценки и за Владата. Од друга страна, граѓаните имаат најниска перцепција за распространетоста на корупцијата во Армијата и во институцијата Претседател.

Споредбено со 2016 г., има разлика во перцепцијата за распространетост на корупцијата во Министерството за здравство кое во 2018 г. се наоѓа на второ место, за разлика од претходно кога било на десетто место.

**Слика 23.**

**Перцепција за распространетоста на корупцијата во државните институции**




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

Забележително е дека симпатизерите на ДУИ имаат највисока (оценка пет) перцепција за степенот на корупција во институциите, а симпатизерите пак на СДСМ имаат пониска перцепција за корупцијата во споредба со симпатизерите на другите партии. Особено е видлива разликата во перцепцијата за корупцијата во Владата - додека само 16,1% од симпатизерите на СДСМ веруваат дека корупцијата во Владата е распространета до највисоко ниво, таков став имаат 35,2% од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ. Најголема перцепција за корупција во Владата имаат симпатизерите на АзА (66,7%), што е повеќе од симпатизерите на ДУИ (47,5%) и од симпатизерите на БЕСА (36%). Симпатизерите на гореспоменатите политички партии се согласуваат (дале највисока оценка) дека корупцијата е распространета до највисок степен во судовите.

## 4.4. Изводливост на јавните политики за борба против корупцијата

Во однос на перспективите за сузбивање на корупцијата, еден од пет граѓани смета дека широкораспространетата корупција не може да биде намалена, додека речиси половина (46,9%) од граѓаните сметаат дека корупцијата секогаш ќе постои, но може да биде намалена.

**Слика 24.**

**Потенцијал за борба против корупцијата (перспектива на граѓаните)**




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

Оптимизмот кај граѓаните дека корупцијата може да се намали опаѓа во 2018 г., односно 20,7% (споредбено со 15,1% во 2016 г.) веруваат дека широката распространета корупција не може да се намали. Исто така и за искоренувањето на корупцијата во Македонија има за 5,4 процентни поени помалку очекувања споредбено со 2016 г., додека пак останува скоро ист процентот на граѓани кои сметаат дека корупцијата може да биде значително намалена или целосно искоренета.

Меѓу Македонците кои веруваат дека корупцијата може да биде значително намалена или целосно искоренета тој процент е 31,9%, а меѓу Албанците 23,6%. Од друга страна, пак, симпатизерите на СДСМ (39,7) и на АзА (33%) во најголем дел се меѓу тие кои веруваат дека корупцијата може да биде значително намалена или целосно искоренета и таквиот став го делат и најголем дел од симпатизерите на Беса (20,4%), на ВМРО- ДПМНЕ (28,7%). Симпатизерите на ДУИ пак воопшто не веруваат дека корупцијата може значително да се намали или целосно искорени.

Ваквите резултати покажуваат дека граѓаните не се оптимисти дека се можни позначајни позитивни промени во поглед на намалување на корупцијата и тоа е проследено со ниската доверба во институциите (особено кај ДКСК, кај судовите и кај ЈО) задолжени за спречување и гонење на корупцијата. Ваквата состојба негативно може да влијае врз успехот на актуелните и на идните антикорупциски јавни политики.

**Слика 25.**

**Перцепции за изводливоста на јавните политики за борба против корупцијата (%)**




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

Од споредбата со претходните години, забележително е дека ваквите ставови на граѓаните се релативно стабилни и истите имаат мал негативен тренд. Така, на пример, во 2016 година 63% од граѓаните сметале дека корупцијата не може да биде значително намалена, додека во 2002 г. овој процент бил речиси идентичен (62%). Она што е забележливо е дека граѓаните сè помалку веруваат дека корупцијата може значително да се намали и искорени и тоа особено се забележува во 2018 година кога 68% од граѓаните сметаат дека корупцијата не

може да биде значително намалена и 30% од граѓаните сметаат дека корупцијата може да биде значително намалена или искоренета.

## 5. ДОВЕРБА ВО АНТИКОРУПЦИСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Граѓаните исто така беа запрашани и за нивната доверба во институциите, односно во колкава мера секоја од институциите, според нив, може успешно да се справи со корупцијата во Македонија.

Граѓаните се изјасниле дека за справување со корупцијата најголема доверба имаат во Министерството за внатрешни работи, во Владата и во Специјалното јавно обвинителство (СЈО)[1]. Кумулативно, збирот од одговори „целосна доверба" и „делумна доверба" изнесува 50,3% за МВР, односно 48,6% за Владата и 45,5% за СЈО. Најголем процент од граѓаните искажале целосна и делумна недоверба во судовите (75,3%) и во Јавното обвинителство (ЈО) (65,4%).

**Слика 26.**

**Доверба во антикорупциските институции:** ***Колку доверба имате во секоја од подолунаведените институции дека можат успешно да се справуваат со корупцијата во Република Македонија?***




Извор: Систем за следење на корупцијата, 2018

При демографско вкрстување на податоците забележително е дека Македонците имаат пониска доверба во споредба со Албанците, кога се работи за довербата кон судовите (15,8% наспроти 35,8%), кон ДКСК (27,5% наспроти 37,7%) и

1 Јавното обвинителство за гонење кривични дела кои се поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. Во натамошниот текст Специјално јавно обвинителство или СЈО.

кон ЈО (23,7% наспроти 30,7%), освен во случајот со СЈО каде што 48,8% од Македонците имаат доверба, за разлика од 39,6% од Албанците, додека пак висока доверба (околу 50%) во Владата и во МВР имаат и едните и другите.

Исто така, постојат значајни разлики во довербата на граѓаните во институциите во зависност од политичката припадност на граѓаните. Симпатизерите на владејачката СДСМ имаат повисока доверба во речиси сите антикорупциски институции во споредба со симпатизерите на опозициската ВМРО- ДПМНЕ кои имаат изразено пониска доверба. Разликите се особено забележителни во довербата кон СЈО (76,4% наспроти 23,8%), кон Владата (78,4% наспроти 31,1%) и кон МВР (71,9% наспроти 39%), додека пак разликата во довербата не е во толкава мера изразена кај ЈО (33,7% наспроти 18,9%), кај судовите (26,6% наспроти 12,8%) и кај ДКСК (38,7% наспорти 21,3%).

# IV.
# ЗАКЛУЧОЦИ

Податоците од Системот за следење на корупцијата во 2018 г. укажуваат дека перцепциите за корупцијата останале непроменети споредбено со 2014 г. и 2016 г, а нивоата на коруптивен притисок и виктимизација се влошени. Македонската јавност како и во изминатите години останува склона кон прифаќање на корупцијата како општествена норма.

## Корупцијата како општествен проблем

1. **Корупцијата не е клучен проблем на граѓаните.** Како и во истражувањето од 2016 и во 2014 г., корупцијата се наоѓа на петтото место по видувањата на граѓаните како општествен проблем. За граѓаните поважни се прашањата од егзистенцијална природа, како невработеноста, сиромаштијата и ниските приходи, но и политичката нестабилност. Веднаш по нив следува корупцијата, а со евидентираниот пораст на криминал како проблем за граѓаните, може да се смета дека корупцијата и криминалот создаваат чувство на висока загриженост кај граѓаните.

## Искуство со корупција

2. **Трендот на зголемување на коруптивниот притисок и вклученоста во корупција продолжува.** Коруптивниот притисок од страна на службените лица и вклученоста од страна на граѓаните бележат зголемување споредбено со истражувањата од 2014 и 2016 година. Во 2018 г. 36,3% од граѓаните биле изложени на коруптивен притисок, што е зголемување за 5,8 процентни поени споредбено со 2016 г. и високи 10 процентни поени споредбено со 2014

година. Од друга страна, во 2018 г. забележано е зголемување на отпорот на корупција, односно притисок е направен на 36,3% од населението, додека вклученоста изнесува 31,4%. Во 2016 г. разликата меѓу притисокот и вклученоста изнесувала само еден процентен поен.

3. **Корупцијата останува неказнива во Македонија.** Ако се има предвид дека 31,4% од испитаниците потврдиле дека биле вклучени во корупција, а тоа проектирано на население изнесува 519.727 граѓани, се доаѓа до заклучок дека се извршени минимум половина милион кривични дела од областа на корупцијата. Од друга страна, во 2016 година само 145 лица биле осудени за злоупотреба на службена должност или поткуп, што значи стапка на ефикасност на институциите од 0,03% случаи откриени и завршени со пресуда.
4. **Постојат значителни демографски разлики во однос на притисокот и вклученоста во корупција.** Албанците во Македонија се соочуваат со значително поголем притисок за корупција споредбено со Македонците. Од граѓаните кои имале контакт со администрацијата, 81% од Албанците искусиле притисок за корупција, наспроти 53% од Македонците. Според тоа, Албанците во поголем обем или 74,5% биле вклучени во корупција, за разлика од 47% Македонци.
5. **Граѓаните не пријавуваат корупција.** Граѓаните во Македонија многу ретко ги пријавуваат случаите кога од нив е побарано нешто со цел да решат некој свој проблем. Имено, многу високи 89,8% од граѓаните не пријавиле случај на корупција на некоја институција задолжена за жалби, наспроти 10,2% кои го пријавиле случајот во некоја од институциите. Споредбено со 2016 г., овој процент е зголемен, што укажува на влошување на довербата на граѓаните во институциите до кои би пријавиле корупција.

## Ставови за корупција

6. **Граѓаните имаат високо ниво на свест за корупцијата.** Како и во претходните години, високи 69,2% од граѓаните се свесни за коруптивните однесувања, и тоа не само за давањето поткуп, туку и за посложени форми на корупција, како што се непотизмот, клиентелизмот и сл. Сепак, граѓаните полесно препознаваат корупција кога има размена на пари, отколку за друг вид корупција, па според тоа, најпрепознатлив облик е давањето пари на полициски службеник за да не се одземе возачка дозвола.
7. **Зголемување на прифатливоста на корупцијата.** Трендот на зголемување на прифатливоста на корупцијата расте споредбено со претходните години. Во 2018 г. населението е поделено во однос на прифаќање на коруптивните практики и е за три процентни поени повеќе од 2016 г., односно за пет про-

центни поени повеќе споредбено со 2014 година. Проектирано со бројот на население тоа значи дека за 827.590 граѓани корупцијата е прифатлив начин на однесување. Големината на оваа бројка претставува значаен проблем и голем неуспех во справувањето со корупцијата како и развојот на антикорупциските политики.

8. **Младите најтолерантни кон корупцијата.** Тоа што загрижува и за што треба да се обрне повеќе внимание во иднина е поголемата толеранција, односно прифатливост на корупцијата од страна на младите на возраст од 18 до 29 години, споредбено со лицата од друга возраст. Така, за 64,2% од младите на оваа возраст е неприфатливо да дадат пари за да решат некој проблем, што е за високи 9,6 процентни поени помалку од просечната неприфатливост (73,8%).

9. **Претпоставеното однесување за подложноста на корупцијата останува непроменето.** Нивото на подложноста на корупција споредбено со 2016 г. останува на исто ниво. Така 45% од граѓаните се подложни на корупција, дополнителни 25% имаат мешано однесување.. Кога граѓаните би се нашле во позиција да бидат корумпирани, односно да примат одреден надомест во пари, подарок или услуга, малцинство од нив (45,8%) велат дека тоа никогаш не би го направиле бидејќи не оправдуваат такви работи.

## Перцепција за корупцијата: потенцијал за спречување корупција

10. **Граѓаните со високи очекувања за коруптивниот притисок и во иднина.** Големо мнозинство од граѓаните (87%) сметаат дека и во иднина ќе постои веројатност или голема веројатност за корупциски притисок,. Споредбено со 2016 г., постои влошување, односно за цели 12 процентни поени постои зголемување на очекувањето од корупциски притисок. Ова укажува на зголемување на песимизмот и намалување на надежта кај граѓаните дека ќе има можност за справување со корупцијата. Ваквиот став на граѓаните треба да се земе многу сериозно од страна на Владата и одговорните институции, со цел да се преземат мерки за да се уверат граѓаните во најавената решителност за справување со корупцијата.

11. **Постои широка распространетост на корупцијата.** Повеќе од половина од граѓаните (61,9%) сметаат дека корупцијата е распространета меѓу службените лица. Разлики во перцепциите постојат по етничка основа, односно над 70 % од Албанците смета дека корупцијата е широко распространета меѓу службените лица, додека 58,4% од Македонците се со такво мислење. Значителни разлики има кај симпатизерите на политичките партии, односно симпатизерите на СДСМ во помал број (55,3%), во однос на другите партии, имаат

перцепција за распространетост на корупцијата меѓу службените лица. За разлика од нив, 64,6% на ВМРО- ДПМНЕ и 60% на БЕСА имаат таква перцепција.

12. **Судиите и јавните обвинители перципирани како најкорумпирани.** Корупцијата е навлезена во сите професии од сите сегменти на власта: судската, извршната и законодавната. Тројца од четворица граѓани сметаат дека судиите и јавните обвинители се најкорумпирани. Покрај нив, над 65% од граѓаните сметаат дека пратениците, министрите, лидерите на политичките партии и локалните лидери се најкорумпирани професии. За помалку од 40% од граѓаните пак претставниците на граѓанските организации, банкарите и наставниците се корумпирани. Најмалку граѓани (20,7%) сметаат дека корупцијата е навлезена помеѓу наставниците.

13. **Распространетоста на корупцијата во правосудниот систем и натаму останува најперципирана од страна на граѓаните.** Како и кај професиите, така и по сектори, судовите и обвинителството се двете од водечките три сектори кои се перципирани со најраспространета корупција. За разлика од претходните години, Министерството за здравство и веројатно целиот здравствен јавен сектор е сместен на второ место како област во која корупцијата е високо распространета.

14. **Граѓаните не се оптимисти за искоренување на корупцијата.** Во однос на перспективите за сузбивање на корупцијата, 20,7% од граѓаните сметаат дека широкораспространетата корупцијата не може да биде намалена, додека речиси половина (46,9%) од граѓаните сметаат дека корупцијата секогаш ќе постои, но може да биде намалена.

## Доверба во институциите

15. **Министерството за внатрешни работи, Владата и Специјалното јавно обвинителство уживаат најголема доверба како институции за справување со корупцијата.** Граѓаните се изјасниле дека за справување со корупцијата најголема доверба имаат во Министерството за внатрешни работи, потоа во Владата и во Специјалното јавно обвинителство. Судовите и Јавното обвинителство се со најниска доверба меѓу институциите. Симпатизерите на владејачката СДСМ имаат забележително повисока доверба во речиси сите антикорупциски институции во споредба со симпатизерите на опозициската ВМРО-ДПМНЕ кои имаат пониска доверба.